РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

MQS
Partner of Quality Austria

Бр./Nr 09-2460/4

04-08- г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETEROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 7 а во врска со член 77 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), како и член 40 став 4 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата (пречистен текст), постапувајќи по пријава, на 50та седница, одржана на ден 23.07.2021 година донесе

# ОДЛУКА

**Се констатира состојба на судир на интереси, кај лицата ------ -------- и ------- ------- --------** – членови на Совет на Општина -------- и членови на Училишен одбор во ООУ „----- -------" ------, затоа што тоа е спротивно на член 44 став 4 од Законот за спречување корупција и судир на интереси.

Согласно член 77 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интересите, оваа Одлука се доставува до именуваните за известување и постапување во рок од 15 дена од денот на приемот на одлуката да го отстрани судирот на интереси, односно да се откаже од една од двете функции кои ги врши.

## Образложение

Предметот со број 09-2460/1 од 08.07.2021 година е оформен врз основа на добиена Претставка од познат подносител со наводи дека лицата ------ -------- и ------- ------- -------- кои што се членови на Совет на Општина ---------, истовремено се и членови на училишен одбор во ООУ „----- ------" ------- и покрај законските одредби за **неспојливост** на функцијата член на совет и други функции кои ги избира или именува локалната самоуправа.

Законот за спречување на корупцијата и судирот на интересите го предвидува следново

**Член 44**

(1) *Избрано или именувано лице за време на траењето на неговиот мандат е должно да ги почитува правилата за неспоивост на функција која ја врши со други функции или дејности утврдени во Уставот и законите.*

(4) *Избрано или именувано лице не може истовремено да врши функција на одговорно лице или член на орган на управување или надзорен орган во јавно претпријатие, јавна установа или друго правно лице кое располага со државен капитал.*

Имајќи го во предвид погоре изнесеното, Државната комисија за спречување на корупцијата на својата 50та седница заклучи дека во конкретниот случај **се потврдуваат наводите во Претставката против** лицата ------ -------- и ------- ------- --------, односно **се потврдува состојба на судир на интереси**.

Согласно член 77 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интересите оваа Одлука се доставува и до лицата ------ -------- и ------- ------- -------- – членови на Совет на општина --------- и членови на училишен одбор во ООУ „----- ------„ -------- со која и се укажува на неопходноста да преземе чекори во насока на отстранување на утврдените повреди на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, на начин што во рок од 15 дена од доставувањето на одлуката ќе се откаже од една од двете функции кои ги врши и за истото ќе ја извести Државната комисија со приложување на доказ за постапувањето.

**Правна поука**: Против оваа одлука може да се поведе управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Изработил:
м-р Е.Н - Соработник
Одобрил:
К.Н, член на ДКСК